**До:**
**г-ѓа Ирена Стефоска, министерка за култура и претседателка на Националната комисија за УНЕСКО**

Копија доставена и до:

г-н Џезми Салиу, директор на Управа за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање
г-н Ацо Костов, директор на Управата за заштита на културно наследство, Министерство за култура
г-н Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање
г-н Зоран Павлов, претседател на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион
г-н Зоран Заев, Претседател на Владата на Република Северна Македонија

Скопје, 25.1.2021

**Предмет: Барање за вклучување на јавноста во изработката на Нацрт-извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36) и за итно јавно објавување на Нацрт-извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2020 година**

Почитувана г-ѓа Ирена Стефоска, министерка за култура и претседателка на Националната комисија за УНЕСКО,

Ви се обраќаме како претставници на граѓански организации, високообразовни институции и експерти чија цел е заштита на природните ресурси преку нивно одржливо користење и како учесници во Алијансата на кампањата за застапување и лобирање „Разбистри сѐ", во врска со изготвувањето на Нацрт-извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36) кој се доставува до Центарот за светско наследство.

Загрижени поради исклучително ранливата состојба во која се наоѓа Охридскиот Регион, свесни за улогата на информирањето на Центарот за светско наследство за понатамошните активности за зачувувањето на вредностите на нашето најголемо природно и културно богатство, ние, долупотпишаните организации, како засегната јавност, **бараме јавен увид во Нацрт- извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (43 COM 7B.36) и спроведување на консултации со јавноста**, согласно член 2 став (5) и член 5 став

(5) од Архуската Конвенција, применувајќи ги следните одредби од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион:

- Член 30 став (3): „Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство при изработката на извештајот се должни да вклучат научни и образовни установи и стручни организации, претставници на општините Охрид, Струга и Дебарца, како и други јавни установи или правни лица кои, директно или индиректно, со вршењето на својата дејност имаат влијание врз природното и културното наследство во Охридскиот регион;

- Член 32: **„(1) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство, во рок од 15 дена од денот на изготвувањето на нацрт-извештајот од членот 30 на овој закон, се должни** да го достават **извештајот** на мислење на градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и на градоначалникот на општината Дебарца и на други научни и образовни установи и стручни организации, како и **да го стави на увид на јавноста.**
  (2) Градоначалникот на општината Охрид, градоначалникот на општината Струга и градоначалникот на општината Дебарца, научните и образовните установи и стручните организации и **јавноста имаат право да достават мислење до Управата за животна средина и/или Управата за заштита на културното наследство по однос на нацрт-извештајот во рок не пократок од 30 дена, но не и подолг од 60 дена од денот на добивањето, односно објавувањето на извештајот.**
  **(3) Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни во рок од осум дена од денот на објавувањето на нацрт- извештајот на својата веб страница да објават известување за започнување на јавниот увид во најмалку два дневни весника достапни на целата територија на Република Македонија, во кои ќе се наведе рокот и местото каде што може да се изврши увид во извештајот“;**

- Член 33 став (1): **„Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство се должни во конечниот текст на извештајот соодветно да ги вградат добиените мислења од спроведениот јавен увид** и да го достави до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата, Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и до Националната комисија и Националниот комитет за УНЕСКО на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на изготвувањето на конечниот текст на извештајот“.

Имајќи го предвид фактот дека светското наследство им припаѓа на сите, а институциите имаат обврска да го зачуваат и предадат на следните генерации, сметаме дека со информирање и вклучување на јавноста во изработката на овој извештај, ќе се реализираат во пракса и заложбите за отчетност и транспарентност на актуелната Влада.

Поаѓајќи од горе-наведеното, бараме:

1. **Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура да го објават Нацрт–извештајот на видливо и лесно пристапно место на своите интернет страници, заедно со информација каде и до кога јавноста може да доставува коментари;**
2. **Да ѝ овозможат на јавноста рок за коментирање од 30 дена, од денот на објавата;**
3. **Да ги вградат соодветно добиените мислења во финалната верзија на Извештајот.**

Дополнително, бараме **Министерството за култура веднаш да го објави на својата веб-страница Нацрт-извештајот од Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2020 година** во склад со начелата од Архуската конвенција. Властите се обврзани да ги обезбедат сите потребни информации и тие навремено и транспарентно да ги прибираат и дистрибуираат со цел да им овозможат на граѓаните сеопфатен и лесно достапен пристап до информации поврзани со животната средина и природата.

Ви стоиме на располагање за сите прашања и натамошна соработка.

Лице за контакт: м-р Дејан Андонов, координатор на кампањата за застапување и лобирање „Разбистри сè“ – dandonov@iks.edu.mk; 071 317 661.

Очекувајќи позитивен одговор, остануваме со почит,

Потписници на дописот - членови на Алијансата за застапување и лобирање „Разбистри сè“ и останати организации:

1. Институт за комуникациски студии
   Жанета Трајкоска, директорка
2. Фронт 21/42 – Еколошко здружение на граѓани
   Дороти Пачкова, претседателка
3. Граѓанска иницијатива Охрид SOS
   Драгана Велковска

4. Македонски центар за меѓународна соработка,
   Гонце Јаковлеска, извршна директорка

5. Институт за демократија „Социетас Цивилис“
   Марко Трошановски, претседател

6. Факултет за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
   проф. д-р Кирил Сотировски, декан

   *За Факултет за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“*
   проф. д-р Кирил Сотировски, декан

7. Институт за биологија при Природно-математички факултет
   проф. д-р Рената Ќуштеревска, раководителка

8. Еко свест
   Ана Чоловиќ Лешоска, извршна директорка

9. Институт за европска политика
   Симонида Кацарска, директорка

10. НВО Гоу Грин
    Антонио Јовановски, претседател

11. Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – *С. Македонија*
    Милена Манова Илиќ, претседател

12. Флорозон - Центар за еколошка демократија
    Кирил Ристовски, претседател
13. Здружение на граѓани Еко логик
    Никола Нешкоски, директор
14. Центар за правни истражувања и анализи,
    Лидија Стојкова Зафировска, претседателка

    За Центар за правни истражувања и анализи
    Лидија Стојкова Зафировска
    Претседател
15. Македонско здружение на млади правници,
    Зоран Дранговски, претседател

    За Македонско здружение на млади правници
    Зоран Дранговски, претседател
16. ЕЗ Здрава котлина – Струмица
    Стојан Велков, претседател
17. ЗЗУЖС Еко живот – Кавадарци
    Роберто Паризов, претседател
18. Новинари за човекови права,
    Филип Спировски, извршен директор

19. Еколошко друштво Планетум – Струмица
    Митко Шопов, програмски координатор

20. Water4changes-Вода за промени, Global Shapers Skopje Hub
    Мирослав Драганов, претседател

    За Глобал Шејперс Скопје Хаб Скопје
    Мирослав Драганов, претседател

21. Асоцијација за демократкса иницијатива – Гостивар
    Добринка Стојановска

22. Здружение на бизнис жени
    Валентина Дисоска, претседателка

23. Здружение на граѓани ЕКОВИТА
    Сашко Тодоров, претседател

24. Центар за истражување и креирање политики
    Марија Ристеска, основачка

25. Здружение за социјални иновации и одржлив развој РАДАР
    Гордана Несторовска, претседателка

26. НВО Еко ѕвон
    Слаѓана Стаменкова

27. НВО Green.org
Ана Симонова, директорка




28. Движење на екологисти на Македонија
Роберто Паризов, подпретседател



29. Здружение за заштита на животните и животната средина Е.Д.Е.Н.
Драгана Велковска



30. Младински културен центар – Битола
Златко Талевски, извршен директор

31. Национален Ромски Центар
Асмет Елезовски